КОМОРА НА ПРОЦЕНУВАЧИ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-67/4
13.04 2018 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 41 став 1 од Законот за процена(Службен весник на РМ бр.115/10, 158/11, 185/11, 64/12,188/14, 104/15, 153/15, 192/15 и 36/16), член 15 и член 21 став 4 од Правилникот за дисциплинска одговорност и постапка, Дисциплинската комисија од областа на недвижен имот формирана со Одлука бр 03-79/6 о 02.04.2008 гог, постапувајќи по Пријава бр. 067 од19.02.2018год, за поведување на дисциплинска постапка поднесен од сопственикот на недвижниот имот КВАСЕР-Ц Сретен ДООЕЛ увоз-извоз Скопје од Скопје ,против овластениот проценител АРСО ДООЕЛ Небојша Скопје од Скопје , на седница одржана на ден 13.04.2018 год донесе:

З А К Л У Ч О К

1.Пријавата за поведување на дисциплинска постапка поднесен од сопственикот на недвижниот имот, куќа Друштво за производство,промет,транспорт и градежно занаетчиски работи КВАСЕР-Ц Сретен ДООЕЛ увоз-извоз Скопје од Скопје против овластениот проценител Друштво за производство,трговија и услуги АРСО ДООЕЛ Небојша Скопје од Скопје , СЕ ОТФРЛА.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

На ден 19.02.2018 год ,до Дисциплинската комисија при Комората на проценувачи на РМ пристигна Пријава со Предлог бр.067 од 19.02.2018 год ,поднесена од страна на сопственикот на недвижниот имот-куќа, која се наоѓа на ул.Димитар Крапчев 8Б Скопје.Во пријавата/предлогот се наведува дека овластениот проценитрел АРСО ДООЕЛ Небојша Скопје од Скопје , извршил процена на недвижен имот-куќа коа се наоѓа на ул.Димитар Крапчев 8 Б Скопје .Незадоволен од извршената проценка сопственикот на недвижниот имот КВАСЕР-Ц Сретен ДООЕЛ увоз-извоз Скопје . поднел пријава со предлог за поведување на дисциплинска постапка до Дисциплинската комисија при Комората на проценувачи на РМ.

Дисциплинската комисија согласно член 15 од Правилникот за дисциплинска одговорност и постапка по разгледување на пријавата констатира дека не се исполнети условите за поведување на дисциплинска постапка. Согласно член 40 од Законот за процена, процената изготвена од овластен проценувач може да биде оспорена со поднесување на барање за ревизија на процена до Комисија за ревизија при Комората на проценувачи на РМ, во рок од 8 дена од приемот на проценцката односно во рок не подолг од еден месец од денот на дознавањето дека проценката била предадена, поради непочитување на методологии и стандардите за процена, злоупотреба на информации, конфликт на интереси и погрешно пресметан данок на промет. Комисијата за ревизија во рок од 3 дена се произнесува по поднесеното барање и доколку констатира повреди при изготвување на проценката поведува дисциплинска постапка.

Во конкретниот случај не е запазена законската постапка односно поднесувачот на барањето за поведување на постапка не поднел барање до Комисијата за ревизија во законскиот рок туку поднел пријава/предлог/барање за поведување на дисциплинска постапка директно до Дисциплинската комисија при Комората на проценувачи на РМ, со што не е запазена законската постапка за поведување на дисциплинска постапка, поради што Дисциплинската комисија не може да одлучува по поднесената пријава/предлог/барање.

Со оглед на горното Дисциплинската комисија одлучи како во диспозитивот на заклучокот.

ПРАВНА ПОУКА: Против заклучокот на Дисциплинската комисија незадоволната страна има право на жалба до Министерот за транспорт и врски во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на заклучокот.

Одлучено во Скопје 13.04.2018

Претседател на Комисија

Георги Тасевски с.р.